415.

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with
Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
12 XI 1965





Лео Хас: „АУШВИЦ" (од изложбата на Скопје)

# ВО ТРАДИЦИЈАТА НА ЕКСПРЕСИОНИЗМОТ

## ИЗЛОЖБА НА ГРАФИКА НА ДР ГЕРМАНИЈА ВО СКОПЈЕ

Ликовната активност на Демократската Република Германија претставува една област, која (од неразбирливи причини) сѐ до денес остана сосема непозната за нашата публика. Затоа, првата средба со една гранка од таа активност нѐ изненадува, а особено дека се работи за графичкиот род, што секогаш и насекаде, по некоја чудна практика, се форсира по сликарството.

Меѓутоа, веднаш сме принудени да ја искажеме нашата крајна загриженост за сметка на организаторите на оваа изложба: зарем не можеше во цело Скопје да се најде една пристојна сала, за да се сместат неколкуте графички листови што пристигнале дури од Источна Германија!? Просто е незгодно да се каже дека изложбата беше „импровизирана" во ходникот со неколку провеви, односно, на прагот од џез-салата на Работничкиот дом — Универзитет.

Освен еден плакат испишан на пак-папир, и изгубен помеѓу многубројните забавни реклами, за нивната уметност, и за нивното место во графиката на нивната земја. Барем да имаше еден скромен каталог!

Онака анонимно и непосочно, како што беше прикажана изложбата, човек не знае на чија адреса може да ги упати своите забелешки околу нејзината организација.

Според изложените работи, можеме да заклучиме, дека оваа изложба немала цел да ја претстави графиката на Демократска Германија, во сите нејзини димензии и релации, туку се оградила исклучиво на една тема: морничавите нацистички логори и студените крематориуми, животот на илјадници невини луѓе во тие „уништувачки фабрики", страдањата, голетта, гладот, потоа лачот на надежта и темнината на очајот, злосторствата, пропаста, смртта, ете, тоа се темите на овие графики.

Што се однесува до нивната стилска ориентација, тие и во тој поглед не се разновидни, туку согласно со карактерот на темата, се изразуваат со традиционалните средства на експресионизмот, што е, всушност, единствениот типично германски правец.

Чудно е тоа, колку се овие творци рамнодушни спрема бучните насатни на современата светска графика (спрема резултатите на американската, јапонската или словенечката графика), чудно е, колку се тие далеку од проблемите на ефектната графичка фактура, колку се индиферентни спрема сериграфијата, колографијата, резот на хартија, и спрема многу други модерни графички постапки.

Кај германските графичари сретнуваме само три техники: бакропис, литографија и акватинта. Се разбира, и во овие техники се движат во границите на традиционалните норми. Можеби, поради овие особини, треба да признаеме, дека изложбата делува доста монотоно и студено. Нема ниедно дело што би оставило потолем впечаток.

Ако сепак, кај неколку графичари сретнуваме добро владеење со некои познати одлики околу третирањето на фигуративниот мотив, добро познавање на анатомијата, физиогномиката и слични фигуративни својства, затоа пак, тешко, или никако не ќе сретнеме и некоја посериозна креација, која и во стилска и во духовна смисла, ја прикажува соодветната атмосфера на начната тема. Држејќи се буквално за одреденото сиже, нивните творби повеќе потсетуваат на илустрации, отколку на карактеристични уметнички дела.

Сепак, меѓу нив се наоѓаат двајца-тројца, кои умеат подлабоко да проникнат во откривањето на најголемата трагедија на новото време. Тоа се графичарите: **Леа Грундинг**, чии бакрописи „Децата се преправаат во авети", „Заробена" и „Перална", се одликуваат со чиста линија и со прецизирани светло-темни односи, покажувајќи јасен афинитет кон уметноста на Холбајн; **Лео Хас**, кој се служи со извесна симболика („Аушвиц"), за да ги изрази несекојдневните ужаси на тој злогласен логор; **Фриц Кремер**, кој во машките портрети предава бол и патетика, **Рудолф Бергандер**, чија акватинта „Флерт", преставува сеќавање на некој затвореник за убавините на слободниот живот.

**Паскал Гилевски**